Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ЗЕЛЕН договор

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ #ЗА ПОЗЕЛЕНИ ОПШТИНИ

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ ЕКСПЕРТ

Центарот за истражување и анализа НОВУС објавува повик за ангажирање на **еден експерт за креирање и изработка на истражувачка методологија и прашалник** за истражување на **јавното мислење во заедницата за приоритетни еколошки проблеми во струмичкиот микро-регион,** во рамките на проектот „Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание“ за период од две недели.

## ЗА ПРОЕКТОТ

Со планираните активности, овој проект ги истражува и промовира одржливите практики, управувањето со програми за животната средина на четирите општини од струмичкиот микро-регион (Босилово, Ново Село, Василево и Струмица), како и ангажманот на заедницата во струмичкиот микро-регион, со фокус на унапредување на зелените политики, справување со еколошките предизвици и поттикнување колективна одговорност за позелена иднина.

Проектот „Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание“, имплементиран од Здружение Центар за истражувања и анализи НОВУС Струмица, во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Младински активизам за позелени општини, имплементиран од Македонско здружение на млади правници, Go Green - Биди Зелен Скопје, Центар за климатски промени и Младинска Асоцијација Креактив Кавадарци, финансиски поддржан од Европската унија.

**Цели на проектот:**

- Зголемена свест и разбирање за постоечките зелени политики и програми.
- Идентификување на приоритетните еколошки проблеми и ангажирање на заедницата.
- Поттикнување на координација и соработка меѓу засегнатите страни
- Примена на добри пракси и политики во Струмичкиот микро регион
- Зголемена ангажираност на властите за заштита на животната средина
- Зголемена ангажираност на заедницата за колективни приоднеси за заштита на животната средина
- Зголемена вклученост на населението во процеси на креирање политики на локално ниво поврзани со заштитата на животната средина
- Воспоставена соработка со останати граѓански организации, локална власт и други релевантни чинители за развој на заедницата.
- Зголемено учество и влијание на младите и младинските организации во политиките поврзани со заштитата на животната средина
- Зајакнат капацитет на младинските организации за застапување пред локалните власти за еко-проблеми

**Задачи и одговорности на експерт за истражувачка методологија и прашалник:**

- Да разработи инструменти за собирање податоци;
- Креирање анкетен прашалник за потребите на истражувањето;
- Дефинирање на целна група релевантна за истражувањето;
- Спроведување обука за теренски истражувачи кои ќе работат на терен;
- Анализа и обработка на податоци од спорведено теренско истражување;
- Извештај за финалните наоди од истражувањето, вклучително и постапките во текот на целосниот ангажман.

**Кандидатите кои ќе се пријават на овој повик, потребно е да ги исполнуваат следните критериуми:**

**Задолжителни критериуми**:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- Високо образование од областа на општествените науки;
- Повеќе од 5 години докажано работно искуство во наведената област и јавните политики;
- Познавање на локалниот контекст во областа на заштита на животната средина;
- Претходно искуство во подготовка и спроведување на истражувања, и анализи;
- Претходно искуство делот на пишување извештаи и обработка на податоци;
- Одлични комуникациски вештини;
- Одлично познавање на англиски јазик.

Заинтересираните кандидати треба се пријават најдоцна до 05.12.2023 година со испраќање на вашето CV, со назнака на мејл и „**Пријава за експерт - Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание**“ на zdruzenienovus@gmail.com

По завршувањето на повикот ќе бидат контактирани само избраните лица.

За дополнителни информации можете да се обратите на zdruzenienovus@gmail.com.